РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество
и администрација
Бр. 11/1-3868/3
14-11 20 19 год.
СКОПЈЕ

# Записник од продолжението на втората седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Министерство за информатичко општество и администрација<br>сала за состаноци – кабинет на министер | | |
| **Датум** | 07.11.2019 година | **Време** | 10:00 – 12:00 часот |
| **Бр. на седница** | Продолжение на втора седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК<br>7. Имер Далипи – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК<br>7. Имер Далипи – член на НКБК | |
| **Други поканети на состанокот** | Ана Малцева<br>Милан Николовски | МИОА<br>надворешен соработник | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, МИОА | | |

| ДНЕВЕН РЕД |
|---|
| 1. Усвојување на предлог записникот од втората седница ;<br>2. Имплементација на Мерката во точката 2.1.1 од НОБП: Улогата и надлежностите на идната Дигитална Агенција |

## БЕЛЕШКИ

Продолжението на втората редовна седница го отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, кој откако утврди дека се присутни сите членови на НКБК го претстави Милан Николовски, надворешен соработник, кој учествуваше во работата на седницата на Националната канцеларија за бродбенд компетентност.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во однос на првата точка, членовите на НКБК без забелешки и приговори го усвоија записникот од втората седница, одржана на 01.11.2019 година.

**За втората точка од дневниот ред,**

Според договореното од претходниот состанок на НКБК, одржан на 1 ноември 2019 година, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, на членовите на телото претходно електронски им достави предлог текст за надлежностите на идната Дигитална агенција во однос на поврзувањето на јавните институции и обезбедување на комуникациски услуги на истите.

Според образложението на Буковалов, идејата е активностите поврзани со комуникациските услуги на јавните институции да се координираат на централно ниво, со што ќе се избегне удвојувањето на работите кои сега се случуваат во повеќе институции и се очекува тоа биде регулирано од страна на Дигиталната агенција.

Членовите на НКБК дискутираа околу надлежностите кои ќе ги имаат ЈП МРД, Дигиталната агенција и МАРнет, како и нивната координација од аспект на поврзувањето на јавните институции. Дигиталната агенција, согласно потребите на јавните институции, ќе купува, управува и ќе ја одржува активната опрема и преку неа ќе нуди интерни електронски комуникациски услуги за јавните институции. Исто така, Дигиталната агенција ќе управува со користењето на слободните оптички влакна на НТОМ, а кои се наменети за поврзување на јавните институции.

Членот на НКБК, Славица Настеска, потенцира дека треба да се следат сите индикатори поврзани со DESI (The Digital Economy and Society Index), напоменувајќи дека постојат дигитални јавни услуги, кои ќе треба да се дефинираат со предлог законот за формирање на Дигиталната агенција.

Членовите на НКБК пристапија кон дополнување и прецизирање на алинеите од предлог текстот за членовите 24 и 25 од предлог законот, во однос на надлежностите на институциите и координацијата на Дигиталната агенција со нив.

Во однос на членот 24, Ана Малцева, кабинетски службеник-советник на министерот за правни работи при МИОА, потенцира дека треба да се утврди дали за сите алинеи е неопходна координација на институциите со Дигиталната агенција, односно да се утврди какви активности ќе има НКБК во релација со Дигиталната агенција, потоа МАРнет и ЈП МРД со Дигиталната агенција и во кој дел агенцијата сама одлучува без координација со другите институции.

Во продолжение на состанокот, членот на НКБК, Сашко Мукаетов, укажа на улогата на МАРнет од аспект на поврзувањето на образовните институции, потенцирајќи дека Македонската академска истражувачка мрежа има долгорочен план до крајот на 2022 година, да изгради оптичка мрежа во 30 градови во земјата, со која ќе се поврзат јавни институции.

Во однос на алинеите кои ја дефинираат поставеноста на јавната македонска точка за размена на интернет сообраќај (MatrIX), членовите на НКБК предложија тие да бидат иземени од законот, бидејќи MatrIX е независна точка и не треба да биде под ничија контрола. Сепак, беше потенцирано дека MatrIX треба да биде дефиниран во некој закон, со цел да се препознае неговото функционирање.

Членовите на НКБК се согласија да продолжат со работа по истата точка од дневниот ред и на следното продолжение на втората седница.

| | | |
|---|---|---|
| Записникот го водеше | **Мишко Талески** | ______ |
| Претседател на НКБК | **Димитар Буковалов** | ______ |

# Национална канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

**Состанок одржан на 07.11.2019 год.**

**Листа за присутност**

| Членови на НКБК | | Други присутни на состанокот | | |
|---|---|---|---|---|
| **име и презиме** | **потпис** | **име и презиме** | **потпис** | **контакт** |
| **Димитар Буковалов** | | Михаил Николовски | [signature] | 071 337 007 |
| **Анастас Мишев** | [signature] | Ана Малцева | [signature] | ana.malceva@mioa.gov.mk |
| **Боро Јакимовски** | [signature] | | | |
| **Славица Настеска** | [signature] | | | |
| **Имер Далипи** | [signature] | | | |
| **Зоран Дервишов** | [signature] | | | |
| **Сашко Мукаетов** | [signature] | | | |